СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 14 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**ПЕТНАЕСЕТТА (15) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.III.1995 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 19
3. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 28
4. ДАНЕВСКЕ СЛОБОДАН 12
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ 20
6. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 22
7. МЕШКОВ ЉУПЧО 9
8. МИНОВ ПАНЧО 31
9. САБРИУ ИЛИЈАЗ 7, 8, 33, 36
10. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 15, 18
11. ХАСИПИ КЕНАН 24, 27

ДНЕВЕН РЕД СТР.5

Т. 1-стр. 5

Т. 2-стр.9


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14.03.1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието сала, 1 со почеток во 15,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да продолжиме со Петнаесеттата седница. Дами и господа пратеници ја отворам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Маријан Наќевски, Фаик Абди, Никола Г. Поповски, Киро Поповски, Љубисав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

На седницата поканети се претседателот на Република

Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ. Претседателот на Републичкиот судски совет, Републичката самоуправна интересна заедница за патишта.

Известен сум, а и вас Ве известив дека предлагачот на Предлогот за донесуваше на закон за грбот на Република Македонија со Предлог на закон, господинот Никола Г. Поповски е отсутен и затоа предлагам да не го уврстуваме предлогот за донесување на закон за грбот на Република Македонија со Предлог на закон на оваа седница, туку на една од наредните седници.

Дали се согласувате со тоа?

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

84 пратеници гласаа за.

I/2/ПЈ/лј

Дали е некој против? ј(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;

2.. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

3 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;

4 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над пред- метите за општа употреба, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело, со Предлог на закон;

12 . Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување,со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста. со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за меѓусебно извршување на судски одлуки во кривични предмети помеѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за потпишување и взаемна заштита на вложувањата, со Предлог на закон;

I/4.-

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговија и стопанска соработка, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во обласка на културата меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата;

24. Предлог за донесување на закон за просторно и урбанистичко планирање;

25. Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1995 година;

26. Предлог на одлука за одобрување на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход;

27. Предлог на програма за изготвување и донесување на Просторен план на Република Македонија;

28. Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје;

Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд во Кавадарци.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?. (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам, да крене рака?

81 пратеник гласаа за. Дали е некој против? (не)

Дали. некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа дека има овде малку министри, членови на владата, ние сега не би требало да одиме со пратенички прашања, туку на крајот на седницата.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат)

Минуваме на **точката 1** - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување Законот за работните односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односи поделени.

I/6.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за работните односи.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не.)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на ова&~седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на називот на предлогот на законот, на член 4 во новиот член 121 -в и за додавање два нови члена 5-а и 5-6.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на членот 4 за додавање на нова точка 5 во членот 121-б и за додавање нов член 121-г по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на Предлогот на закон поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, Г-динот Иљаз Сабриу.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Предложениот амандман од страна на ЗПК се прифаќа од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нова точка 5 во членот 121-б и за додавање нов член 121-г поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Поднесениот амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

"За" гласаа двајца пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за додавање на точка 5 во членот 121-6 и за додавање нов член 121-г поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 121-в поднесен од ЗПК.

Со овој амандман) се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 5-а и 5-6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значајно е да имаме претставници на комисиите а не само повереници, ова празно одење ќе го избегнеме.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

"За" гласаа 73 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи.

Минуваме на **точка 2** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во услови кога е неопходно да се преземаат чекори за намалувње односно изедначување, балансирање на приходите и расходите на Фондот, а тоа е во овој случај неопходност во смисла и на склучување на аранжмани за добивање на средства од меѓународните институции, нормално е се предлагаат определени решенија кои што можат да бидат во две насоки.

Едната насока додатно да се обезбедат средства, додатни во Фондот за ПИО што очигледно е дека е тешко изводливо, и од другите законски прописи кои што се понудени.

И, овој пат во овој закон за изменување и дополнување на законот за ПИО понуден е фактички така да речам помалку популарниот метод, а тоа е скратување односно рестрикција на правата од ПИО што нормално ќе предизвика и предизвикува незадоволство на корисниците на пензиите.

Со ваквиот начин на предлагање на рестрикциите на правата а тоа редовно се случува во последните измени фактички по мое длабоко убедување, полека но сигурно, се губи идентитетот на системот на ПИО и тоа како во поглед на правата кои што треба да се остваруваат во тој систем, така и од аспект на начинот на обезбедувањето на на средства за неговото функционирање.

Очигледно и овој пат не се нудат некои системски решенија туку се нудат односно се интервенира во некои одредби од законот односно сегменти од системот кој што се од витално значење, егзистенционално значење за корисниците на пензиите.

Овој пат би сакал да кажам нешто и во поглед на она што беше расположение кај пензионерите дека нешто се чини, дека нешто се прави во смисла на тоа дека ќе се обезбедат дополнителни средства во Фондот за ПИО а тоа пред се се однесува на ветувањата на Владата дека еден добар дел, да не речам, сите средства од акцизите од промената на цените на нафтените деривати ќе бидат насочени во Фондот за ПИО или на пример дека се готви еден целосен така да кажам систем, целосно решавање на проблемот на доброволното осигурување кај индивидуалните земјоделци, тоа во овој предлог на закон не е понудено односно го нема.

По мое длабоко убедување стана вообичаена практика кога м закони во пакет во нив се поместуваат одредени решенија длабоко навлегуваат во порите на системот, а воопшто да не кореспондираат со

причините за донесувањето на законот или за нив образложението скоро воопшто и ништо да не е кажано. Таков е и случајот со овој предлог за минимизирање на улогата на Управниот одбор односно на функциите на Управниот одбор чии што членови ги именува Владата на РМ, а со тоа и префрлање на функцијата со јакнењето на улогата на директорот како индивидуален орган до таа мерка што се предлага тој самостојно да управува за средствата и за користењето на средствата за ПИО.

Наспроти ова очигледно е намерата од концентрација во одлучувањето надвор од Управниот одбор како на пример предлогот министерот за труд и социјална политика да го предлага директорот со исклучување на сегашната регулатива односно сегашните форми на постапка на неговото именување. Дури се оди и дотаму што актот што се предлага за организација и систематизација да дава согласност Владата на РМ.

На овој начин се губи во потполност самостојноста на Фондот иако е познато дека Фондот за ПИО е самостојна институција формирана со законот за ПИО во која се собираат средства и се остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Со ваквите интервенции во одделни негови одредби се создава еден систем кој на изглед е самостоен, во суштина, практично нема никаква самостојност, дури и во препишувањето на работните места. Ова станува уште поапсурино во услови кога сме системот на ПИО треба и мораме во иднина да го градиме се ппвеќе на функционирањето на пазарните законитости на овој систем и затоа уште поапсурдно е да се стремиме кон негово поддржавување, значи создаваме на парадржавна институција, меѓутоа доколку идејата, политиката на овој Фонд во овие услови потполно биде државна институција заради недостигот, заради познатите проблеми што се во овој фонд, во тој  случај треба целосно

системски да се реши прашањето односно налик на организацијата на здравството или да речеме на детската заштита во целост овој систем да влезе во рамките на органите на управата односно конкретно во Министерството за труд и социјална политика.

Ми се чини дека станува најважно одреден закон да биде донесен со образложение најчесто дека итно потребен и како нема да се добијат пари од финансиските институции без по мое мислење да се води доволно сметка за некои последици што може тој да ги предизвика доколку не се пристапи со нужното внимание во неговото донесување.

Во оваа насока се и амандманите што јас со група пратеници ги имам поднесено и на крај би сакал само да кажам дека ставот на Либералната партија по овој закон е дека истиот не би требало да оди во скратена постапка туку во редовна од причина што во него се содржани одредби кои не се од итна потреба за нивно донесуваше односно се содржани одредби за кои постои потреба од пошироки и поопстојни согледувања.

Доколку овој предлог не биде усвоен молам аргументацијата што ја искажав да биде насочена кон поднесените амандмани од групата пратеници од Либералната партија во која сум и јас еден од поднесувачите со чие прифаќање овој закон ќе се стави во корелација со причините за неговото донесуваше односно ќе оди само во насока на прифаќање ан одредбите што с,е однесуваат воедначувањето на приходите и расходите односно на доближување така да речам бидејќи целосно не се решава тој проблем од дефицитот на фондот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, од името на три илјади пензионери од општина Свети Николе, замолен сум

да пренесам јавен револт на законот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ве молам, овде се зборува во свое име и може само ако имате овластување од пратеничката група.

**СЛОБОДАН ДАВЕВСКИ:**

Па, добро, јас сум замолен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа само на митинзи, овде не. Продолжете како пратеник.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро, зборувам од името на сите пензионери од РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не, нема во име на пензионери и неовластен никој не може така, вие сте пратеник, ве молам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро, зборувам од свое лично име.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, молам, ве молам продолжете.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро, овој закон се носи по брза постапка и сум на мислење дека треба да оди во една редовна постапка, бидејќи радикално ништо не

менува во интерес на пензионерите. Овој закон вака гледано е закон против пензионерите. Она што е незадоволството е тоа што радикално не се променува нешто во корист околу зафаќаната, во корист на подобруваше, во корист на системско решавање на Фондот туку дури оди рестриктивно со тоа што добар дел на она што беше аутономија и дел од слободата што ја имаше Фондот при одлучување, при работење му се губат правата што со тоа државата има право уште толку да ја централизира власта, со тоа што овој Фонд ги губи своите, да речам, ингеренции и надлежности.

Она што посебно треба да се каже дефицитот кој е присутен од 1992, 1993, 1994 кој радикално, да речам се зголемува, се мултиплицира сега да има две милијарди денари, нема некое системско покривање со тоа што останува непокриен и се мултиплицира овој проблем, така што некое решение за пензионерите не постои. Решение би било да се укинат пензионерите како институција и би се решил проблемот. Законот не дава некое радикално решение, не нуди зафаќањето системски да би се решило, туку се дадени некои принадлежности со тоа што државата уште толку се централизира, уште толку ги зема ингеренциите дури да одлучува во однос на функционирањето, во однос на титуларот, во однос на сопственоста, така да пензионерите како институција односно пензиското и инвалидското осигурување со овој закон ги губи фактички своите ингеренции.

Она што посебно треба да се каже е тоа што реагираат пензионерите дека се ставени како втора категорија на луѓе, мора да се земе фактот дека тоа е армија на луѓе, 240 илјади граѓани на Република Македонија кој својот работен век го завршиле работно сакаат да ги уживаат овие благодети на ова општество бидејќи теле, твореле 40 години, во нив постојат инженери, доктори, научници од сите категории и

сега пензионерите ги ставивме во категорија на социјала. Мислам дека треба да се размисли, да се даде една редовна постапка на законот добар дел од овие работи кои се направени како пропусти да се искорегираат, затоа има многу амандмани, многу телеграми од сите сојузи, од сите пензионери на РМ, така да и оние амандмани кои се поднесени од многу пратеници, скоро од сите пратенички групи да се земат во обѕир и да се помогне, бидејќи многу е жално пензионерите да бидат социјала. Мислам дека не гледаат и очекуваат многу, многу очекуваат од овој закон, радикално ништо не се подобрува, но ние сме на потег и мислам дека ќе направиме се да помогнеме за разрешување на овој проблем.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за да биде јасно, писмата што ги испраќаат поедини пензионери и нивни здруженија овде им се подолени на пратениците. Сите ги знаат и сите ги имаат добиено, дадени се и на Владата.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јасно ми е во кој обем мојата дискусија ќе влијае врз остварувањето на економските реформи и стабилизационата програма која и те како е ранлива во овој момент. И секој непромислен чин на било кој од нас ќе значи нејзино рушење, тапкање во место, барање на нови поддршки, предизвикување на нови бранови на незадоволство и лоцирање на кривците за

неостварената политичка реформа која сите од вас ќе речете пред две недели ја усвоивме. Меѓутоа, предложениот закон за ПИО предлагаме ние, од Социјалистичката партија, да оди во редовна постапка која би била во две фази, не во три фази. Бидејќи предложениот закон во почетокот на своето остварување носи нови рестриктивни мерки кој со години се напластуваат врз буџетот на пензионерите. Зошто? Начинот на пресметување на пензиите реално опаѓа. И со овој предлог закон иако ние уставно се определивме дека, всушност и со оние закони кои постојат од претходната фаза дека просечната пензија ќе изнесува 65% од просечната плата остварена во стопанството или вкупно од она што го предлагаме денес можеме да зборуваме за 59 или 60% на висина на пензии кој што се остваруваат до овој период

Понатаму, се укинува правото на потреба од помош и нега Остварувањето на правото по основ на работоспособноста се врши кај работодавецот. Тука една категорија на луѓе кој се наоѓаат во таа фаза определува колку може тој да биде работоспособен или не.

Исто така остварувањето за размислување, поврзување на пензиите за нестопанството. Многумина од вас ќе речат дека платите во стопанството се нелимитирани во однос на зголемување и ќе има можности за поголеми приливни средства. Би рекол, дај боже да биде така, па пензионерите нека примаат и поголеми пензии, не се сомневам во тоа. Меѓутоа, предлогот е само 20% од пензионерите се наоѓале во нестопанство во изминатиот период, всушност оствариле пензии од нестопанство. Тогаш предлагачот не може да ги поврзува пензионерите

со онаа категорија од која не припаѓаат. Ми се чини дека од таму е нелогично сите тие да јас делат судбината со таа гранка, без оглед на усогласеноста на пензиите по гранки, со платите кои што овој период ги имаме. Да земеме само еден пример. Поделбата по гранки е разлика по 1.00 0 дена од просечниот личен доход во Републиката до највисоката просечна пензија во гранки која се остварува сега.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Понатаму, средствата за регрес и за годишен одмор стануваат проблем кој што не може Фондот, или овој Закон предлага тие да се укинат. Но, иако се мали се исплаќаат после исплатените пензии и ако останат средства за тоа. Можеби е само за пат на пензионерите до одредишното место за одмор и за било која друга потреба Сигурно некој ќе помисли дека сето тоа јас го предлагам како остаток од минатото општество, но пензионерите твореа во тоа општество и остваруваа приход со кој го пополнуваа Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Но, се поставува прашањето кој прв треба да го покрене овој процес на немање можности за одмор и рекреација дали во стопанството, дали не во стопанството, или пак прво треба да испробаме на пензискиот фонд да нема вакви одвојувања на средства за одмор и рекреација:. Наредно, плаќањето на поштенските трошоци и предлагачот поединечно кажува дека треба да ги сносат пензионерите. Досега го сносепв Фондот и таму има некој баланс во кој се поголеми трошоците отколку за потребите на работната заедница на Фондот. Но, сосема е пребрза одлуката бидејќи пензионерите имаат право да се определат како ќе ја примаа пензијата, а обврска е на Фондот тоа да му биде на пензионерот доставено. Сепак, сметам по ека ваквиот предлог треба да се даде еден грејс период, еден": период во кој пензионерите разумно ќе се определат, дали за тековни сметки, дали за некој друг начин на примање на пензија со кој ќе се олеснат во однос на издатоци. Сигурно и ако овој член од Законот го прифатиме, тогаш по овој однос уште за некој 1% или 1,5% се намалува реалниот износ на пензиите и пензионерите. Затоа сметам дека реално би било предлагачот да усвои еден дел од она што го има како предлог, а и јас сум меѓу тие што кои што поднеле

неколку амандмани заедно со Јован Лазаров. Сметам дека би било реално и остварливо.

Ќе предложам еден предлог, па нека биде и неумесен. Само два нови денари покачување на цената на бензинот, не на нафтата, тоа значи го одвојуваме стопанството, ги решава сите проблеми во Фондот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Веднаш на почетокот да кажам дека ги поддржувам повеќето залагања кои беа изнесени тука, а по однос на прашањето на начинот на прифаќање на овој Закон, значи да оди барем најмалку во две фази. Мислам дека се работи за еден многу суштински закон, за одредени измени кои значат многу, да не кажам за одредена група на луѓе кои денеска со мали исклучоци претставуваат социјала. Иако ние како општество, како Република, како Држава имаме доста големи проблеми ги имаме и таму каде што луѓето не примаат ниту социјала, па тешко можеби и се хранат. Но, сепак мислам дека треба да поддржиме таков иницијатива сепак Законот да оди најмалку во две фази.

Она што посебно тука сакам да истакнам е прашањето на измените кон член 3. Ќе прочитам и ќе дадам свое мислење, односно образложение. Во членот 8 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи: средствата за пензиско и инвалидско осигурување за остварување на одделни права по основ на намалена, односно преостаната работна способност во согласност со овој Закон се обезбедува кај работодавецот. Мислам лично познавајќи ја состојбата како стојат работите во стопанството, како стојат работите со она што го донесовме законот за загубарите, а такви сигурно ги имаме многу повеќе, отколку што ние усвоивме закон, состојбите битно, битно ќе ни се нарушат на штета на

работникот. Ако ние вака постапуваме и ја усвојуваме оваа одредба тука, ова дополнение на член 8, мислам дека ќе направиме една голема грешка. Затоа сум против тоа , ако е потребно доколку не оди ако така се произнесеме дека ќе оди во една фаза по брза постапка, во ред, а ако не, тогаш најавувам поднесување на амандман со кој се брише овој член 3 во предложениот закон.

**АЦ**

**Е КОЦЕВСКИ:**

Почитуван рпетседателе, почитувани пратеници, во последно време се почесто ни се случува Владата да ни предлага донесување на закони по скратена постапка што кај мене природно наметнува едно прашање дали секогаш Владата во таква ситуација, се разбира и ресорните министерства се во ситуација цврсто да застанат зад одбрана на своите законски проекти што ги нудат и дали доволно пред себе имале компаративни показатели и споредби дека решението што го предложиле е она вистинско решение што нуди најдобро решавање на проблематиката која го третира конкретно овој законски проект. Очигледно е дека Владата прибегна со неколку. Законски проекти со доста големи рестриктивни мерки и со укинување на веќе стекнати права како што тоа се прави со овој законски проект. Во пратеничката група на Либералната партија отворено се постави прашањето што би се рекло народски дали со ова решение што се нуди во една негова одредба не се нуди претурање од шупљо во празно затоа што дел од обврските, односно правата што досега ги имаа пензионерите по основ од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување сега треба да ги остваруваат преку социјалната заштита. Знаејќи каква е состојбата и во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а уште подобро знаејќи каква е критична состојбата во Фондот за социјална заштита, дали тоа не значи

дека елегантно пензионерите ги упатуваме на некоја адреса каде што никогаш нема да ги остварат тие права што им ги укинуваме по овој основ. Често како аргументација ни служат преговорите што ги водиме со меѓународните финансиски институции, а и по тоа прашање понекогаш може да се постави дилемата дали тоа не ни служи како еден алиби и изговор за да можеме да се оправдаме конкретно пред пензионерите и домашната јавност, или навистина се такви ситуациите да мора да ги прифаќаме сите тие изнудени решенија што ни ги нудат странските експерти кои се наоѓаат овде. Исто така, јас би го фрлил светлото уште на еден аспект. Кога зборував во смисла на тоа дали Владата цврсто стои зад ова, сакам отворено да го поставам прашањето дали Владата не размислуваше за друго евентуално решение. Јасно ми е дека економијата во Македонија се повеќе еден непријатен шверцерски белег, имајќи го во предвид фактот дека пазарите наместо за зеленчук и овошје, се повеќе се претвораат во пазари каде што се шверцува роба за која не се плаќаат никакви давачки, пред тоа е избегната царина на граница, па овде сега даноци итн. Дали тоа истото не ни се случува и во оваа област со масовното ескивирање на плаќањето на обврските за пензиско и инвалидско осигурување и другите обврски на голем број вработени кои работат така речено на црно, посебно во приватните претпријатија.

Би замолил Владата малку да фрли светло на оваа проблематика и можеби да понуди конкретно решение со стимулативни мерки како би можеле да ги принудиме едноставно приватно сопствениците со некои олеснувања да ги пријават своите вработени кои сега работат на диво, или на црно за да може и по тој основ да привлечеме значителни средства во фондот за да не бидеме принудени од друга страна да донесуваме рестриктивни мерки. Инаку, се согласувам во потполност со

излагањето на г-динот Мешков кој во суштина ги искажа заложбите на комплетната пратеничка група и нас ќе ни биде многу жал доколку бидеме доведени во ситуација поради неприфаќање на амандманите кои се навистина од суштинска природа што ќе мораме да се. воздржиме од давањето на поддршка на понуденото законско решение.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитувани пратеници, го поддржувам предлогот Законот да не оди по итна постапка, туку во редовна постапка и тоа најмалку во две фази од следните причини Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување пред се тргнува од аспект на рестрикции на правата на корисниците на пензии, пензија што најдиректно се одразува на стандардот на пензионерите. Рестрикциите на правата имаат поголеми ефекти на стандардот на оваа категорија граѓани отколку стабилизационите мерки за контрола на платите на другите популациони групи во државата. Имам впечаток дека пред лагачот на законот сакал санираето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да се оствари главно на товар на примањагга на пензионерите. Така се постапи во 1994 година при донесување на пакетот мерки за стабилизација. Со законот за исплата на плати и пензии член 6 се воведоа ограничувања на исплатата на пензиите чии ефекти беа несразмерно поголеми од ефектите од мерките што се однесуваа на вработените. Членот 6 на овој Закон Уставниот суд го прогласи за неуставен и го укина. Меѓутоа, сега таа одредба што е укината . како неуставна предлагачот на Законот, односно Владата ја вградува како завршна одредба во измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Укинатиот член имаше мошне висок негативни ефекти кај корисниците на пензиите во 1994 година, тие се оштетени за над 28,5% од правото што според Законот за пензиско и инвалидско осигурување

следуваше. Со други зборови предлагачот за жал не ја респектира одлуката на Уставниот суд на Македонија. Неуставното решение повторно го вградува во друг закон. Предлогот на Законот покрај негативните финансиски ефекти што ќе ги има врз пензионерите тој има и мошне негативен ефект врз свеста на оваа популација на граѓани на Македонија. Тие се надеваа дека ќе им се исплати барем една од заостанатите пензии и сега не само што нема изгледи за такво нешто, туку се воведуваат уште поголеми рестрикции на пензиските примања. Инаку финансиските ефекти од мерките што ги воведува Законот со префрлувањето на поштарината за исплата на пензиите на товар на самите корисници на пензиите изнесува околу 250 милиони денари годишно. Фондот може да се растовари од една позначајна сума средства што сега го оптоваруват заради тоа што на негов товар се исплаќаат разликите на пензии што произлегуваат од примената на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа е најнизок износ на пензијата. Според оваа одредба на Законот на пензионерите кои според должината на стажот и висината на платата им следува понизок износ од пензијата, им се исплака гарантирана пензија, иако според напред изнесеното тоа не им следува. Затоа, ако се тргне од становиште дека фондот треба да се растовари од социјалата, тогаш треба да се прифати предложениот амандман на член 44 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. На овој начин донекаде ќе се ублажат негативните ефекти од примената на член 5 од Законот за исплата на плати според кој како што е нагласено Фондот ќе биде покус за околу 780 милиони денари. Ако се оди во редовна постапка може да се преиспита овој член од Законот и да се предложи и негова измена. Информацијата дека најголемиот дел

III/7.-

од средствата од поскапувањето на бензинот ќе се слеат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кој е само параван бидејќи само 9% од овие средства ќе се употребат за таа намена. Ако наместо 9% тој процент биде 90% тогаш нема да има потреба од голем број на рестриктивни мерки кои што се предложени овде.

Да спомнам дека и јас заедно со Мирко Трипуновски предложивме неколку амандмани на текстот на Законот и доколку тој оди во редовна постапка Владата ќе има повеќе време да ги проучи и да предложи соодветни решенија.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, сакам се разбира во еден разумен временски интервал да е произнесам во врска со Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување што и овој пат како и во досегашниот стил на работа го разгледуваме по итна постапка. Јасно кога се во прашање пензионерите и иналидите треба "ургентно да се реагира'.' Уште на почетокот да нагласам дека го поздравувам обидот на Владата и оваа сфера да ја усогласи со реформскиот курс т.е. во склоп со севкупната стабилизациона програма, посебно заради тоа што Фондот е во незавидна ситуација и бара изнаоѓање на решенија кои во најмала рака ќе обезбеди функционирање на Фондот во подобар финансиски амбиент за еден релативно подолг период. Да напоменам дека уставен основ за донесување на овој закон не е само член 34 од Уставот на Република Македонија кој поаѓа од категоријата социјална исгурност на граѓаните, туку и член 35 кој упатува на категоријата социјална праведност. По оваа логика обете овие категории не корелираат во

целост со економските законитости. Според тоа, тие не се, ниту можат да бидат единствен критериум во понудата на соодветни решенија. Евидентно е дека одреден број решенија во Предлог законот имаат рестриктивен карактер. Токму затоа не се случајни реакциите на пензионерите, ниту пак поедини дисонантни размислувања на пратениците во Парламентот. Ова и не би било толку трагично доколку не би се зело во предвид дека приближно 95 иљади од вкупно 217 иљади пензионери се корисници на најнизок износ на пензија што во најмала рака е долна граница на социјална сигурност. Со полн респект за неповолните состојби на Фондот, сметам дека со ваков рестриктивен приод нема битно да се намали дефицитот на фондот дотолку повеќе што од страна на Владата немаме валидни показатели, ниту пак уверувања дека со ваквиот приод ќе се овозможи на пензионерите исплата на заостанатите пензии, туку само постепено скратување на роковите за исплата на пензиите. Сосема е јасно дека доследното спроведување на реформите и стабилизационата програма барем во почетокот ќе доведат до одредени потреси во кои на прв план ќе избие социјалата како неминовна последица на овие реформи со всушност е карактеристика на сите земји во транзиција. Во ваква ситуација нормално е да се очекува барем во почетниот период да дојде до поизразит дебаланс меѓу тековните приходи и расходи на Фондот што веројатно на предложените решенија би им дал косметски карактер. Анализирајќи ги предложените решенија евидентно е дека од системот за инвалидско и пензиско осигурување се изоставува паричниот надоместок за помош и нега од здрава логика дека овој дел се префрлува во социјалната сфера, бидејќи искрено речено има социјален карактер без оглед на тоа што болно звучи инвалидите на трудот да добиваат својство на социјала, меѓутоа тоа е реалноста.

Посебно е проблематичен делот каде усогласувањето на пензиите се врши според растот на платите во нестопанството што е врвна рестрикција и директно го дерогира уставното начело на социјалната сигурност и праведност. Ова дотолку повеќе што најголемиот процент од корисниците на пензиите го стекнале тоа право вложувајќи го својот труд во сферата на стопанството. Радува фактот што во овој дел постојат амандмански интервенции кои ќе ги поддржам во потполност при разгледувањето и расправата по текстот на Предлог на законот. Посебно е индикативен приодот кон категоријата осигуреници со одреден степен на инвалидитет во врска со времетраењето на паричниот надоместок во случај на стечај и прес- танок на дејноста на правното лице. Евидентно е дека тој период е релативно краток, имајќи во предвид дека во заострените услови на стопанисување кој корелира со реформскито курс шансите за повторно вработување на оваа категорија корисници се сведени на минимум. Тоа се разбира ш повлекува губење на социјалната сигурност, туку напротив да се направи дополнителен обид преку продолжување на тој период да се обезбеди згрижување на дотичната категорија корисници.

Дами и господа, пензионерите и инвалидите на трудот мораат да ги уживаат сите права како граѓани на оваа земја, она што денес тие го примаат не е ниту од далеку она што би требало да го примат, меѓутоа ниту малку во подобра состојба не се ниту вработените, а во многу потешка состојба е армијата на невработени на ова земја.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:** (Продолжение)

Господа пратеници, евидентно е дека во изминатиот период имаше огромен прилив на нови пензионери, повторно во категоријата на корисници инвалидски пензии. Сето тоа беше директна последица на трендот, практично да се реализира технолошкиот вишок кој фрапантно го измени односот меѓу бројот на вработени и бројот на корисници на пензии. Неспорно е дека во таква ситуација избија на површина бројни нерегуларности, ако сакате и субјективизми. Последниот период е евидентно дека приливот е битно смален со тенденција наредниот период да биде уште помал и во ваква ситуација, јас би рекол задоцнето и непотребно се воведува систем на двојна контрола преку висо- ко стручни екипи со посредство на министерот за труд и социјална политика. Да напоменам дека и досега Комисијата можеше и често користеше мислење од највисоки медицински институции како што се клиниките при Медицинскиот факултет во Скопје. Во крајна линија на мислење сум дека и тројна контрола или контрола од било каков вид не може да ги исклучи можните субјективизми.

И најпосле сметам дека со активен однос кон оваа проблематика, со амандманска корекција на одделни решенија на Владата ќе постигнеме баланс помеѓу Владината стабилизациона стратегија, незавидната состојба на Фондот и реалната состојба на пензионерите. Во тој контекст ве молам овој пат максимално да се земат предвид амандманските интервенции на одделни пратеници и политички субјекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Атанасов.

IV/2.-

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во овој момент не знам колку е популарно политички мудро да се зборува за Законот за измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, наспроти желбите на 215 илјади пензионери, но тргнувајќи од аргументите што беа пласирани во најавата за овој закон во процесот на реформите, сепак ќе зборувам бидејќи сметам дека покоректно е да се каже вистината и севкупните состојби наспроти било какви маркетиншки настапи кои немаат никаква долгорочна основа. И покрај бројните дописи од пензионерите јас сум убеден дека добар дел од пензионерите во овој момент се наполно свесни за состојбата во која се наоѓаме како држава. Наполно сме свесни за состојбата во која се наоѓа стопанството каде што редовноста на платите е се поретка појава, а аналогно на тоа сме свесни и ја познаваат состојбата во Фондот и се надевам дека го делам мислењето со голем дел од пратениците дека се свесни дека во ова Собрание седат луѓе меѓу кои не може да се најде човек што не посакува на пензионерите да им се исплати заостанатата пензија, а јас би рекол и да се одржи темпото на исплатата на пензиите што го имавме во 1994 година.

Од тие причини сметам дека понудените решенија во Законот кои што обезбедуваат финансиски ефект од 670 милиони денари што е една половина од една едномесечна исплата на пензиите во Републиката, индиректно е во полза на пензионерите, зашто претставува чекор напред во намалувањето на дефицитот на фондот и неговото оздравување што е добро.

Од сите решенија, помош и нега, намалување на ПТТ трошоците, општествениот стандард и инвалидската заштита, посебно го поддржувам решението за утврдувањето на Фондот како титулар на

имотот што отвора простор не само за средуваше на односите во оваа сфера, туку и за обезбедување на дополнителни финансиски ефекти. Што се однесува до општествениот стандард и инвалидската заштита и другите заштитни мерки каде што се средуваат правата на пензионерите, мислам дека ќе има потполна поддршка и разбирање кај пензионерите и за овие мерки на Владата, доколку Владата и ние како пратеници во ова Собрание се заложиме не само пензионерите, туку и другите вработени, посебно нестопанството и другите државни органи односно државната администрација да ги почувствуваат и да понесат добар дел на товарот на свој грб, токму во остварувањето на овие права.

ВО врска со понудениот закон би изразил и една мала резерва во однос на овластувањњата на Управниот одбор и директорот на Фондот каде што мислам дека промените треба да бидат поумерени, бидејќи доколку се прифати така како што се предлага ќе се наметни дилемата дали воопшто е потребен таков управен одбор.

Од тие причини во согласност со Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз ние предложивме 22 пратеника амандман во рамките на кој што сметаме дека предлагаме поприфатливи решенија со кои би се зачувала досегашната функција на Управниот одбор.

Исто така изразувам и резерва во однос на тоа што во овој закон воопшто не е третирано прашањето за придонесот на индивидуалните земјоделци, за кое што веќе имаше расправа во ова Собрание. Ова Собрание не ја донесе стапката за плаќање на придонес на индивидуалните земјоделци и мислам дека од таа расправа Владата беше обврзана да понуди решенија, меѓутоа и покрај определбата на повеќе пратеници за доброволно осигурување кај земјоделците со образложение на Владата дека тоа ќе бидат додатни зафаќања од Буџетот на републиката, во овој момент сметам дека е добра солуцијата

и намалувањето на основицата на придонесот од 50 на 30% од просечната плата што би имал двостран ефект и тоа од една страна на земјоделците ќе им се намалат обврските за 50% што е крупна работа за нив, а од друга страна и Фондот ќе има корист од тоа, бидејќи по оваа стапка сметам дека земјоделците ќе може да плаќаат што дефакто би донело повеќе средства во Фондот отколку сега кога ставката е висока и земјоделците не плаќаат.

Исто така и за оваа работа ние имаме поднесено амандман овластени сме од Пратеничката група на СДС и ќе се залагаме за тоа да биде прифатено за подобро и индивидуалните земјоделци посебно во овие тешки услови да можат да го остваруваат правото на пензиско-инвалидско осигурување.

Исто така и овде сум овластен да кажам дека би требало на ниво на Влада да се преземат мерки и за каматите кои што ги немаат наплатено земјоделците за 1993 и 1994 година да се изнајдат одредени решенија.

На крајот сакам да кажам дека ќе го поддржам Законот и ќе гласам за него, бидејќи подобро е сега да ги прифатиме овие решенија, наспроти тоа за пет или шест месеци да се соочиме со уште поголеми проблеми и неможност да се одржи трендот на редовно исплатување на пензиите, а камо ли да се исплати една од заостанатите пензии или да с« балансира приходната и расходната страна, односно да се соочиме со уште поголем дефицит.

Од тие причини предлагам Законот да се донесе во скратена постапка, така како што предлага Владата, а големиот број на амандмани мислам дека нудат широка основа, сето она што за секој од нас е неприфатливо да биде надминато на самата седница.

IV/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,целта на мојата дискусија е да ја образложам целисходноста и исполнетоста на присутноста на причини овој закон да не се донесе по итна постапка како што предлага Владата, туку да оди во две фази, што значи прво Предлог за донесување на законот а потоа Предлог на закон.

Ова го предлагам од неколку причини и тоа: прво на неспорноста од исполнетоста на услови за донесување на овој закон и причини за донесување на овој закон а тоа е решавање на дисбалансот меѓу приходите и расходите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, концепциски пристапот за изнаоѓање решенија за овој дисбаланс е апсолутно неприфалив и најлоша варијанта и најнепопуларна, а тоа е намалување и рестрикција на веќе стекнатите права на корисниците на пензиско и инвалидско осигурување.

Мислам дека и овде веќе беше истакнато дека има други решенија и варијанти, пред се во доследноста и целосноста во исплатата на обврзниците од инвалидско и пензиско осигурување, како и изнаоѓање на други решенија, може да се најдат прифатливи реални извори кој што ќе го постигнат, а можеби и повеќе ефекти ќе има отколку понудените решенија што се крајно непопуларни.

Втора концепциска причина тоа е што многу пати а и овој пат во содржината на овој закон што сака да с"е протури, според мојот речник на изразување, покрај главната цел и причина за донесување на закон и некои реорганизациски норми и норми кои што значат регулација на управувањето во Фондот. И за чудо и за мене необјасниво и во овој

случај се оди кон поддржавување и на оваа сфера на надградбата на општествените дејности, односно се земаат надлежностите од органите на Фондот и истите се поддржавуваат во надлежности и ингеренции на Владата, што мислам дека крајно не е во духот на Уставот и на целокупните трансформации кои што уставно ги правиме и сакаме да ги правиме во нашата држава.

Трета работа која што неопходно ја истакнувам, тоа е, и покрај заклучувањето на Собранието во делот на обврската Владата во предлагањето на законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско осигурување е задолжително да го опфати и решението за земјоделци- те на кои што основно занимање им е земјоделието и по тој основ остваруваат право на пензија. И покрај тој заклучок на Собранието, и покрај тоа што тоа беше причина за неусвојување на одлуката за придонесот за оваа категорија на пензионери, повторно во овој предлог отсуствува решение за индивидуалните земјоделци кои што пензија остваруваат по основ на земјоделие како основно занимање.

Има амандман, како што кажа претходниот мој колега од СДС, кој што и јас го потпишав од Пратеничката група на Либералната партија каде што наместо решението основицата на пресметувањето на придонесот за ПИОМ на земјоделците кои што остваруваат право на пензија по основ на земјоделие како основно занимање, наместо најмалку 50% од просечната плата во последните три месеци, да биде најмалку 30% мислам дека тоа е прифатливо како решение кое го предлагаат пратениците, меѓутоа не е добро ако тоа не го поддржи и не биде во исто време и предлог на самата влада. Ова затоа што се работи за многу осетливо и многу важно прашање кое што опфаќа и засега голема масовна структура на осигуреници пензионери кои се занимаваат со земјоделска дејност.

Мислам ако се прифати решението да оди во две фази донесувањето на Законот, Владата треба да го изанализира и да го сфати како една добра намера и потсетување ова што пратениците сами го предлагаат решението кое што во основа е во основицата за пресметување на осигурувањето на земјоделците за пензиониот и инвалидскиот придонес.

Исто така, мене ми е жал што во меѓувреме е отсутен од салата господинот министер за финансии зашто за 1993 и 1994 година Владата упорно молчи по однос на изјаснувањето што со ненормалните задолжувања што на оваа категорија земјоделци се изврши по основ обврската за пензиско и инвалидско осигурување кога каматата беше 2 проценти дневно, па на таа камата камата итн., и има некои неофицијални сознанија дека Владата спрема некоја мерка која што ќе значи ослободување од каматата на оваа категорија осигуреници - земјоделци на кои што основно занимање им е земјоделието и по тој основ се инвалид- ски пензиски осигуреници.

Мислам дека еве и до другите присутни членови на Владата упатувам едно конкретно прашање и барање за произнесување, кои се намерите и кои се планирањата на Владата и едно инсистирање за произнесување по однос на тоа прашање, затоа што тоа е практично на теренот најголемата кочница за нерегулирањето на пензиското и инвалидското осигурување на овие земјоделци кои што го оддолжуваат проблемот и уште повеќе задолжувањето го зголемува на оваа категорија осигуреници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот на труд и социјална политика.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, очигледно дека јас имам најнепријатна обврска да кажам неколку збора во врска со овие изнесени денешни дискусии од пратениците, а во врска со измените

и дополнувањата на Законот за пензиско инвалидско осигурување на Република Македонија. Со оглед на тоа дека се работи за многу чувствително прашање, прашање кое директно задира во животниот стандард на една доста голема категорија на граѓани во Република Македонија, бидејќи та бројка веќе изнесува околу 240 илјади пензионери во Републиката и во една прилика кога состојбите во тој фонд ни се доста би рекол крајно критични и драматични, и од тие причини сигурно дека и Владата соочена со вкупните проблеми во државата, мора да предложи и вакви решенија и во оваа област на инвалидското и пензиското осигурување.

Исто така на комисиите е водена широка расправа по оваа проблематика што укажува дека со сета сериозност и пратениците обрнуваат внимание на овој проблем и се нудат некои, би рекол соодветни или не до крај соодветни решенија, бидејќи јас денеска морам да бидам искрен, не слушнав некои поконкретни, подецидни предлози за надминување на состојбите во Фондот за пензиско - инвалидско осигурување.

Јас само да ве потсетам дека денеска во Фондот имаме пренесен долг - дефицит од 3,9 милијарди денари. Тоа е некаде^околу 2,5 пензии месечни, бидејќи нето месечната пензија изнесува некаде една милијарда и 250 милиони денари, и доколку не се преземат овие мерки сега во 6д,, сигурно дека во 1995 година се очекува плус дефицит од 2 милијарди и 14 милиони денари. Така вкупниот дефицит би бил не- каде 6 милијарди денари односно околу четири и повеќе месечни пензии да не може^ да ги исплати. Односно,.би додал и тоа, доколку вака продолжат состојбите во наредниот период, јас мислам дека тешко ќе може овој фонд да опстане, односно ќе дојде до многу незгодни ситуации во Фондот за инвалидско и пензиско осигурување и веројатно тогаш и Владата и Парламентот ќе мораме да сносиме една поголема одговорност за ваквите состојби,

IV/9.-

Морам да кажам дека анализите, како и укажувањата кои беа денеска изнесени од пратениците сигурно дека држат, јас не можам да ги одбивам, затоа што е тоа чувствително прашање и камо среќа и Владата да не предлага вакви решенија, туку да предлагаше решенија како што предлагаше пред неколку години со зголемување на правата, без оглед кој колку има работен стаж во тој Фонд да користи пензија, бидејќи живее и создадовме таков фонд кој воопшто не беше капитализиран туку имавме еден солидарен и еден социјален фонд, и затоа да одговорам, од тие 93 илјади пензионери денеска кои земаат минимална пензија, како спомна еден пратеник овде, тие имаат ни повеќе ни помалку 15 години работен стаж. Ве молам која држава и кој систем тоа може да го издржи со 15 години работен стаж, а знаеме дека Законот е 40 години работен стаж, да плаќа за 15 години, а да користи цел век право на пензија и да користи една пензија која би можела да ги задоволува сите потреби. Сигурно во еден економски систем и во една економски јака држава, тоа би можело да се издржи но она што некои пратеници претходно кажаа дека ние имаме армија некаде од 180 илјади невработени кога имаме 100 илјади работници кои 4-5 месеци редовно не примаат плата, а бидејќи тие редовно не примаат плата не плаќаат придонес во Фондот за пензиско - инвалидско осигурување, кога веќе 16 илјади работници треба да одат моментално во оваа година еден дел, 6500 работници сега до крајот на овој месец во Заводот за вработување да ми престане работниот однос и многу други проблеми во државата, мислам дека и те како е добра определбата за да се понуди решение да не се влошуваат состојбите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

V/1/НН/лј

**ИЛЈАЗ САБРИУ: (**продолжение)

Не, да некој сака да укине некои права, туку состојбите не натераа на размислување како овој фонд не оди понатаму да пропадне односно да се зголемува дефицитот во Фондот за пензиско - инвалидско осигурување. Од тие причини ние бевме принудени да одиме на едни вакви мерки. Јас морам да кажам со оглед дека бев член на Владата и во поранешната Влада и во 1994 година, кога се донесе законот, кој е на сила денеска, кој функционира од 1.01.1994 година и тоа какви критики имавме и во Парламентот и пошироко дека се оди на ислучиво рестриктивни права дека тоа ќе ги доведе пензионерите во многу, многу неповолна ситуација, но податоците укажуваат дека ние доколку не ги превземевме тие мерки денеска верувајте дека ние ќе касневме не како тогаш три, - 3,5 месеци туку би каснеле со пет пензии. Но благодарение на тие мерки ние успеавме да го намалиме бројот на пензионерите кој беше месечно некаде околу 1500 пензионери, или повеќе од 15000 годишно пензионирање и со ред други мерки придонесовме во 19 94 година пензионерите да примат 12 пензии. За секој месец примаат рензии и сега да имаме задоцнување од еден месец односно една пензија, која веројатно, ќе има напори во Владата во овој период, во 1995 година обавезно се примаат 12 пензии со можност една застаната пензија во текот на годината, доколку можеме да ја сервисираме односно доколку можеме таа пензија да ја исплатиме до крајот на годіната. Доколку податоците укажуваат, бидејќи овие анализи, до 30 јуни треба да биет на сила, после треба повторно да испаднеме со нова анализа пред Парламентот и пред монетарниот фонд и Светската банка. Доколку податоците у кажуваат дека добри ни се состојбите и добро оди во Фондот, веројатно очекуваме дека нешто ќе може да се интервенира и за она задоцната пензија која денеска ја должиме на сите пензионери во Република Македонија.

Од тие причини мислам дека навистина состојбите ни се крајно лоши во овој фонд и дека мораме, доколку не предлагаме вакви мерки, јас тврдам дека ние во наредниот период ќе се зголеми и тоа брзо за неколку месеци, рапидно ќе се зголеми времетраењето на непримање на пензиите во Република Македонија.

Исто така мислам дека во оваа расправа денеска беа укажувани некои работи и во амандманска расправа и во комисиите, и денеска беа изнесени некои предлози што ние како Влада ги прифаќаме и веројатно при амандманската расправа тогаш ќе кажеме што посебно околу она што беше изнесено во врска со ингеренциите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување односно управниот одбор. Но тие предлози прифатете ги дека се со добра намера да навистина се подобри ефикасноста во работењето и на фондот, непосредно на управниот одбор, затоа што тоа е орган кој по предлог на Владата се менува , но на стручната служба на овој фонд. Доколку ние сносиме одговорност како Влада, па и пошироко како парламент оценивме дека сепак треба да имаме некоја поконкретна, поблиска соработка и ингеренции во надминување на некои проблеми во стручната служба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Која доколку се споредува со масата што како трошок се исплатува на пензиите, е доста минимална но и таа маса ги иритира понекогаш пензионерите и затоа моравме како Владата да предложиме соодветни решенија. Впрочем, како предлагаме решенија и за утврдување еднаш на титуларот на имотот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Сите ние сме сведоци дека денеска имаме огромен имот, а тоа е капитал кој досега не се знаеше чив е, па разноразни СИЗ-ови поранешни, па еден дел на Фондот за пензиско инвалидско осигурување, па еден дел на приватни стопанственици се користат тие и ден денеска а Фондот нема некоја поконкретна анализа за таквата финансиска состојба и однесување со овој капитал.

Затоа рековме тоа да биде државен имот со кој ќе располага и управува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во однос на укинувањето на правата јас тврдам еве овде на говорница дека основни права во никој случај не се доведуваат во прашања. Основните права од пензискиот систем. Затоа мислам дека нешто пратеникот Нешков укажа дека се оди на делегирање на системот. Мислам дека системот останува. Одиме на некои права кои по наша оценка се на некој начин социјала и сите имаме обврска тие социјални права да ги извлечеме од Фондот и да ги внесеме таму каде што им е местото, во државата односно во буџетската потрошувачка. Од тие причини ние одиме на овие четири пет ставки кои ги предлагаме да бидат планирани. Впрочем, да почнеме со 250 милиона како ефект од поштарина што се плаќа од страна на фондот. Сите категории на граѓани во оваа држава, и најниската категорија, корисници на социјална помош сами ги сносат трошоците за поштарина при користењето добивањето на нивните материјални средства. Од тие причини мислиме дека и пензионерите и покрај тоа што, народот при носење на поштарот на пензијата оставаат некој денар, така да речам за бакшиш, мислиме дека подобро е тоа да се рачуна, а овде ние во фондот од 25о милиона тоа не е мала ставка за овој фонд годишно. Тоа би било една голема заштеда во таа насока, а впрочем, доколку пензионерите не сакаат да го плаќаат тој износ на средства можат да се пријават за неготовинско плаќање на пензиите, преку користење на банките, како впрочем и голем дел на работници што тоа право го користат. Од тие причини не би требало да се сфати и да се тврди дека тоа е укинување на некое стекнато право од системот на пензиско инвалидско осигурување. Напротив овој систем по наша оценка многу бил задолжен и оптеретен со некои други социјални и други права, на кој не им е местото тука, во фондот за пензиско инвалидско осигурување

Од тие причини одиме на такви рестриктивни мерки. Туѓата нега и заштитна помош поминува автоматски на трета точка од дневниот ред, Законот за социјална заштита. Оттука тоа право се пренесува во Законот за социјална заштита . Тоа е обврска на државата да го плаќа мислам тој придонес, бидејќи како што го користат сите граѓани кои имаат потреба за туѓа нега, треба да го користат и овие граѓани на пензионерите. Од тие причини мислам дека добро е, да се имаат предвид сите овие укажувања, доколку се оди и би живееле во едно крајно побогато, во една држава која има материјални можности да ги сноси овие трошоци, веројатно дека никој не би му упаднал на памет да оди на вакви решенија. Но бидејќи, живееме во едно вакво време мораме да земаме вакви мерки за да не дозволиме понатамошно влошување на состојбите во фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Инаку, да кажам и тоа дека доколку одиме на некои споредби само да Ве информирам, во согласност на сите овие работи со монетарниот фонд и светската банка, но, притоа и наше размислување е првата варијанта, некои од овие решенија ги имавме предвид, но тогаш не можевме и парламентот тогаш не ги прифати.

Наша определба е пензиите во овој период и за наредниот период треба да се движат во рамките на некаде околу 60% од просечна плата, просечна пензија. Тоа е определба и на Фондот и на Светската банка, а и наша. Податоците укажуваат дека просечна плата, просечна пензија во 1994 година изнесува 69% За 1994 година. Доколку не се преземат вакви мерки не знам каде ќе ни биде крајот, бидејќи платите знаеме какви се во стопанството, и пензиите се такви, не се кој знае какви, меѓутоа тие соодноси мора да ги пазиме, бидејќи дојдовме до ситуација на 2,2 работници имаме еден пензионер. Во нормални услови, во нормална економија тоа веројатно е некаде 1,5 или 1,6 така да нема економска моќ ова стопанство оваа држава да оди на алиментирање на сите овие права.

V/5.-

Впрочем, за вкупниот дефицит во Фондот на пензиско - инвалидското осигурување да не изнесува повеќе од 1% од бруто општествениот производ. А со овие мерки што ние ги предлагаме до крајот на годината тоа ќесе изведе, тоа ќе се обезбеди и некаде за 0,4% за 3% ние очекуваме да биде и под ова 1% од бруто општествениот производ.

За ваше споредување во земјите во транзиција, кои исто така имаат огромни проблеми и тешки проблеми во областа на пензиско-инвалидското осигурување, јас би го истакнал следното.

Во 11 држави во транзиција пензиите учествуваат со 8% од трошоците на државата, а во Македонија тој процент е некаде 15%.

Учеството на пензиите во овие земји во транзиција, тоа беше од бруто општествениот производ, во вкупните трошоци учествуваат со 20%, а во Македонија 28%. Или односно просечна пензија, просечна плата во сите 11 држави кои се во транзиција, така наречени пост-хуманистички држави тој износ е просечна пензија, просечна плата 45%. Јас за нас реков 69% во 1994 година.

Овие податоци укажуваат дека состојбата во Македонија и во областа на пензиите се далеку подобри отколку во другите држави кои се во еден период на транзиција и кои го очекуваат процесот на трансформација на капиталот.

Инаку, да не должам со други податоци и анализи верувајте дека не така едноставно пристапуваме и предлагаме некои решенија без да имаме некои соодветни анализи и податоци и усогласување на сите тие мерки со тоа што би значело од право на пензија, како стекнато право во работен однос, а што е тоа како социјала и треба да се извлече.

Јас да бидам отворен, сигурно. Јас да бидам отворен уште многу има да се извлече од овој план. Тврдам дека може да се извлече на тој

план, посебно од онаа категорија со 15 години стаж доколку обезбедиме соодветни средства во буџетот. Оттаму се алиментираат тие 30 години стаж доколку обезбедиме соодветно средство во буџетот и од таму да се алиментираат тие пензии а да не бидат на терет на Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Тоа во оваа фаза , да не го употребувам многу ММФ и Светската банка кога не дозволуваат понатамошно зголемување во буџетската потрошувачка мораме да се движиме во овие рамки. затоа ние предложивме да акцизи- те од нафтените деривати и ќе предлагаме веројатно во наредниот период, но тие ефекти не ќе можат да го надминат дефицитот во Фондот на пензиско инвалидско осигурување, бидејќи ако се зголеми дефицитот во Фондот за пензиско инвалидско осигурување како што беше тука спомнато, не само на нафтата, туку вкупна потрошувачка да обезбедиме некаде околу 40 милиона долара месечно односно 450 милиона годишно. Доколку одат сите тие пари, но тие одат во социјалата во буџетот, па од таму се алиментираат социјалните програми, па од тие може еден дел да се дава и за Фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Мислам дека она што го кажав неколку одредби од определби што ги имаме од пратеничките групи и од СДС и Либералната партија и до други пратеници, било да се поединечни, ни во амандманската расправа ги прифаќаме посебно она што се однесува за намалување на основицата за земјоделските пензии од 50 на 30% отколку да откажеме и да кажеме дека на вчерашната седница Владата многу долго расправаше за тоа бидејќи ние се носевме со идеја да одиме на доброволно осигурување на земјоделските производители. Таму имаме еден голем дефицит. Вкупните трошоци на Фондот за исплата на земјоделски пензии изнесуваат некаде околу 580 милиона денари, а минатата година се собрани околу 220 милиони денари. Т ака да имаме

некаде околу 360 милиони денари дефицит. Но, сега доколку до прифатиме доброволни принцип во голема мерка би се довело во прашање. алиментирањето на овие средства во Буџетот на Фондот за пензиско инвалидско осигурување и од тие причини ни остануваме и понатаму, но прифаќаме тоа да биде не 50, туку да биде 30% од основицата за уплаќање на земјоделските пензионери. Тоа е исто така една обврска Владата да нуди решение за затезните камати. Вчера е договорено да преку министерството за финансии тие закони, со кои таму е регулирано да се ослободуваат земјоделските производители од плаќање на затезната камата за 1994 го или порано за 1993 година со што во голема мера би им се олеснило плаќањето на земјоделците а би ги натерале сигурно да ги измируваат обврските према фондот за пензиско инвалидско осигурување и на дирек- тен начин би придонеле за подобрување на состојбите во фондот за пензиско инвалидско осигурување. Јас не знам колку можев убедливо да кажувам, бидејќи состојбите се така бедни во овој дел и верувајте доколку не преземеме вакви мерки, кој на прв поглед не се^популарни но тврдиме дека не задираат на основните права на пензиите и на пензионерите. Мислам дека во голема мера работиме за пензионерите и во голема мера нема да дозволиме натамошно закаснување на исплата на пензиите. во 1995 година исто така да плаќаме 12 пензии што можности, доколку ни овозможат на пријавница можат да се подобрат состојбите и со она задоцнета пензија, која еве толку актуелна е во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе прекинеме со работа ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

V/7.-

Во меѓувреме претставниците на Владата, таму каде што се чувствува блискост со предложените амандмани од поодделни пратеници, или група пратеници да се контактира, или да им се каже, што прифаќа или што не прифаќа, за да не дојдеме овде да се даваат амандмани од Владата дополнително, туку навреме да си ги повлечат амандманите, а важите предлози да дојдат на место.

Седницата ќе продолжи утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот)